Врз основа на член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана 28.12.2017 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2018 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија

## II. ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година, како и со одредени домашни и странски донации.

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред бр. | I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата | |
|---|---|---|
| 1. | Реставрација на фасада на поранешен објект на РТГ во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 4. | Реставрација на фасада на хотел "Отоман"(кафе "Центар") | |
| 5. | Реставрација на фасада на "Вила Тина" во Гевгелија | |

| Ред. бр. | II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија | |
|---|---|---|
| 1. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.09-2500/1
28.12.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов*